Врз основа на член 75 став (3) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија” бр.241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ДОНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

(“Службен весник на РСМ” број 5/21)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на доставување и одобрување на извештајот за донирани финансиски средства.

## Член 2

Извештајот за донирани финансиски средства се изготвува на образец „ДЛД-ИД/ФЛ” во А-4 формат, на хартија во бела боја.
Формата и содржината на образецот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Извештајот за донирани финансиски средства се доставува до органот за јавни приходи преку системот „е-Персонален данок” од страна на физичкото лице кое донирало финансиски средства.

## Член 4

Извештајот за донирани финансиски средства се одобрува од страна на органот за јавни приходи преку внесување на податокот за износот на донирани средства од уредно поднесениот Извештај за донирани финансиски средства во пополнетата годишна даночнапријава за годината во која лицето ги донирало средствата.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-106/1
8 јануари 2021 година
Скопје

Министер за финансии
dr. Fatmir Besimi